Бранислав Саркањац

# ТРИТЕ ГЕНЕРАЦИИ РЕФОРМИ

Се бараат пошироки пристапи, нови програми на јавните сервиси. Секој знае: реформите се да се забрза економскиот развој, да се унапреди здравјето, да се подобри образованието итн. Кај нас, кога ќе се каже зборот реформа најчесто се мисли на економска реформа и на реформа на јавниот сектор.

Денес во многу држави во светот се зборува за преминување на третата генерација реформи. Каде сме ние во Македонија? Дали кај нас воопшто се зборува за генерации на реформи? Одговорот е не. Зборот реформа во Македонија кај нас е како зборот цвеќе за гаучосите во Аргентина. Тие знаат само за цвеќе и цвет - толкав им е фондот на зборови за сите цвеќиња што постојат на пампасите. Нас не засегаат реформите и треба да не интересира "ботаниката" на реформите во Македонија.

Првата генерација реформи се макроекономски реформи со елементите стабилизација, либерализација, приватизација - тие се преземаат заради макроекономско приспособување и не одат подалеку.

Со првата генерација реформи најмногу се доаѓа до артикулација на одредена нова политика (економска или јавна) и евентуално до поставување барања за воведување менаџмент пристап во економијата.

Со втората генерација се нагласува имплементацијата на реформските барања (најчесто поставени од владата која ја артикулирала реформата или од некоја меѓународна институција, како на пример, Светската банка или ММФ). Макроекономските активности (што се однесуваат на првата генерација реформи) може се уште да траат (како приватизацијата), но сега се инсистира на институционални промени (реформи во судство, здравство и образование).

И ние тука запираме во Македонија. А најголемиот предизвик за Македонија, се, всушност, реформите од третата генерација.

Во третата генерација реформи од макроекономски политики се преминува на конкретни микроекономски и секторски политики. Третата генерација реформи се ориентира кон резултатите и кон подобрување на квалитетот на услугите. Приватизацијата, маркетизацијата и дерегулацијата треба да се завршени. Сега се бара квалитетно образование, здравство, квалитетно судство, ефикасен јавен сектор.

Се бараат пошироки пристапи, нови програми на јавните сервиси и вклучување на поголем број политички актери. Оттаму, интеракцијата меѓу државата, пазарот и граѓанското содружништво мора да е жива и интензивна делотворна, а не само пуста политичка реторика. Документите и плановите за реформи од

првата генерација сега се недоволни. И она што е најважно да се истакне, реформаторот е сега препуштен на себе - го нема првичниот спонзор, ментор или тутор од првата и втората генерација реформи, кој по правило е од надвор (Светска банка или ММФ). Зашто, реформите од третата генерација не можат целосно да се осмислат однадвор - тие мора да се направат "од дома". Увезени модели тука не се многу полезни, што значи дека треба многу повеќе знаење за локалните услови.

Понатаму, процесот на осмислување и разработка на реформите станува се покомпликуван. Тој не е само работа на министер или министерство, туку и на парламентот, на автономни агенции, истражувачки центри, "thik taks", невладини организации, стопански здруженија, комори на дејности итн.

Аналитичарите укажуваат дека комплексноста на оваа генерација реформи оневозможува сеопфатно остварување на предвиденото. Меѓу зафатите и исходите нема проста линеарност. Реформите од третата генерација се соочуваат со многу поголем број пречки. Прво, има бројни интереси. Токму затоа, многуте групи во власта и надвор од неа мора да соработуваат за да се и да се добие потребната поддршка од разни интересни групи и да имплементираат овие реформи. Непредвидливоста и имплементациски дефицит се карактеристични за овие реформи. Воопшто, овие реформи се дифузни, и нивните резултати можат да се видат по подолг период. Оттаму, имплементацијата на овие реформи подразбира обиди и грешки за да се открие што најдобро функционира. Искуствата укажуваат на тоа дека е тешко, дури и контрапродуктивно да се специфицираат детални чекори за две или три години однапред. Зашто, реформите не зависат од неколку клучни и општи мерки туку од голем број мали чекори и промени во однесувањето. Воопшто "процесот на реформата тешко се надгледува" - реформата има работа со сложен свет на чинители (економски, политички, историски, културни и др.). Реформите се соочуваат со различни бирократски култури. Во случајот на Македонија пречка за имплементацијата на реформите не е само затекнатата бирократска култура и отпорот на службениците, туку воопшто однесувањето на граѓаните, работодавците и работниците на разни нивоа и во разни сегменти.

Еве пример: можеби најголемата пречка за реформите кај нас се јавните служби. Сите велат дека лошо работат и дека се многу подложни на корупција, а фактички се толерираат и од општеството и од политичките елити. На тој начин реформите се попречуваат и одлагаат, зашто тие ги засегаат токму тие корумпирани и неефикасни јавни служби.

Треба да се истакне е дека кога се зборува за Третата генерација реформи нема општа шема (за реформите). За првата генерација реформи постоеше релативно поширок консензус, меѓутоа за третата генерација (кои се однесуваат на здравството, на јавната администрација и сл.) нема технички модели кои треба само да се имплементираат.

Реформата не е општ, едноставен или празен поим, кој секому е разбирлив. Реформата има разни фази, различен интензитет и повеќе нивоа на зафати. Од

сите овие елементи зависат и носителите на реформата и комплексноста на проблемите со кои таа мора да се справи.

Овие три генерации реформи ни покажуваат, всушност, колку е важно да се одговори на прашањата што се бара од реформата, како да се постигне бараното, кој треба да биде носител на реформата, што треба да се смени и каде треба да се дејствува за да може да се зборува за успешна реформа